***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ЕВРОПСКИ ЕКОНОМСКИ ИНТЕГРАЦИИ И ЕДИНСТВЕН ПАЗАР НА ЕУ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет-Скопје објавен во весниците Нова Македонија и Коха од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) меѓународна економија, по предметите: Европски економски интеграции и Единствен пазар на ЕУ и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-303/9, донесена на 18.02.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ирена Кикеркова, редовен професор на Економскиот факултет-Скопје, д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, вонредовен професор на Економскиот факултет-Скопје и д-р Љубица Костовска, редовен професор на Економски факултет-Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) меѓународна економија по предметите: Европски економски интеграции и Единствен пазар на ЕУ, во предвидениот рок се пријави кандидатката Елена Макревска Дисоска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Елена Макревска Дисоска е родена на 21.6.1984 година, во Скопје. Средно образование завршила во ДСЕПУ „Васил Антевски-Дрен" во учебната 2003/2004 година со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Економски факултет-Скопје, на департманот надворешна трговија. Дипломирала во учебната 2007/2008 година, со просечен успех 9,26.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик.

Во учебната 2007/2008 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитет Американ Колеџ-Скопје, Факултет за бизнис администрација во Скопје. Студиите ги завршила во 2010 година година, со просечен успех 9,92. На 2.9.2010 година година на овој универзитет го одбранила магистерскиот труд на тема: „360 степени поглед на светската економска криза" (наслов во оригинал „360 degrees look at the world economic crisis") и се стекнала со научниот степен магистер по деловна администрација.

Докторска дисертација пријавила на 3.6.2011 година на Економскиот факултет-Скопје. Дисертацијата на тема: „Влијанието на еврото врз надворешнотрговската размена на Европската унија" ја одбранила на 7.10.2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р